МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА
НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
Бр. 03-2211/1
13-10- 2015 год.
СКОПЈЕ

Здружение за умножување на слободни содржини
СПОДЕЛЕНО ЗНАЕЊЕ
Бр.
01. 10. 2015 год.
СКОПЈЕ

**Здружение за умножување на слободни содржини**
**СПОДЕЛЕНО ЗНАЕЊЕ Скопје,**
**Адреса: бул. ЈНА 24/2-8 Скопје**
**Телефон: 078 282 698**
**Жиро с-ка: 250001002838879**
**Банка: Шпаркасе банка Македонија А.Д. Скопје**
**ЕДБ: 4080014543374**

Со цел создавање, прибирање и умножување на слободни содржини во дигитална, печатена и други форми, а во согласност со заедничките интереси и меѓусебната соработка на двете институции, Здружение за умножување на слободни содржини Споделено знаење Скопје и Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), го потпишуваат следниот:

# МЕМОРАНДУМ ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

## За Воспоставување на „*Матичен википедијанец*“ (Wikipedian in Residence)

Потписниците на овој Меморандум се обврзуваат дека во рамките на својата примарна дејност, заеднички ќе делуваат и меѓусебно соработуваат во интерес на создавање, прибирање и умножување на слободни содржини во дигитална, печатена и други форми, на следните начини:

- Споделување на пристап до книжниот фонд и литературата во МАНУ, со Марио Шаревски работно ангажиран во МАНУ преку авторски договор и воедно член на „*Споделено знаење*“, кој кој ќе биде ангажиран од страна на здружението како „***Матичен википедијанец***“ (**Wikipedian in Residence**) и ќе има за цел да отсликува (скенира) материјали во библиотеката на МАНУ кои се од општествен интерес и значење, и кои се од слободно достапен карактер, односно не подлежат на авторскоправни ограничувања и би се ставиле на располагање на јавноста за општо добро, ставајќи ги на ***Ризницата на Викимедија*** (***Wikimedia Commons***). Оваа иницијатива ја покреваме по урнек на постоечките аранжмани од тој вид во установите (библиотеки, архиви, институти) во светот. Такви примери се: *Британскиот музеј* и *Британската Библиотека* од Лондон, *Националниот архив на САД, Кралскиот музеј на Данска* и *Кралската библиотека на Данска* во Копенхаген, *Националната Библиотека на Израел* во Тел Авив, *Музејот Пикасо* во Барселона, *Универзитетската Библиотека* во Белград и 87 други установи низ светот. (Целосна листа на установи во светот кои имаат ***„Матичен википедијанец“***: https://outreach.wikimedia.org/wiki/Wikipedian_in_Residence)

  Секое пресликување (скенирање) на истите ќе се изврши во самата библиотека, а на трошок на „*Споделено знаење*“ односно ***Викимедија фондацијата***, за што е предвидено „*Споделено знаење*“ односно ***Викимедија фондацијата*** да го снабди одговорното лице со сопствен преносен сметач (лаптоп) и отсликувач (скенер).